Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia për mbrojtjen e të drejtës për qasje të lirë në informacionet me karakter publik - Shkup
Примено / Pranuar: 03.04.2025
Орг. Един. / Njësia: 08 | Број / Numri: 302 | Прилог / Shtojca: | Вредност / Vlera:

У-6.бр.456/2024
У-6.бр.457/2024

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: м-р Ѓоко Живковски - претседател на советот, Марта Телегравчиска и Рамије Цара - членови на советот, со записничар Ана Петерсен - судски референт, одлучувајќи по тужбата и по барањето за издавање на времена мерка на тужителот Ѓ.И. од Скопје против решението на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер број 08-302 од 06.11.2024 година, за слободен пристап до информации од јавен карактер, вредност на спорот 20.000,00 денари, по одржаната јавна расправа на ден 24.02.2025 година, во присуство на тужителот и во присуство на претставник на тужениот орган Инџи Хоџа од Скопје, на ден 03.03.2025 година, согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови, ја донесе и ја објави следната:

Архивски знак / Shenja e arkivit
Рок на чување / Afati për ruajtje
20___ година / viti
Потпис / Nënshkrimi

I

ПРЕСУДА

Тужбата на тужителот Ѓ.И. од Скопје против решението на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер број 08-302 од 06.11.2024 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II

РЕШЕНИЕ

за времена мерка

Барањето на тужителот Ѓ.И. од Скопје, Управниот суд да донесе решение за времена мерка заради одлагање на извршувањето на функцијата ректор на лицето Иван Бимбилоски при Универзитетот Св.Апостол Павле Охрид избран со одлука а поради постоење на опасност од настанување на ненадоместлива штета по јавниот интерес а со оглед дека одлучувањето по тужбеното барање е тесно поврзано со правото на избор на ректор и извршувањето на таа функција, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

III

РЕШЕНИЕ

Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Образложение

Со оспореното решение означено во изреката на пресудата, во став 1 од диспозитивот, Жалбата изјавена од Ѓ.И. од Скопје поднесена против решението на Министерството за образование и наука бр.03-9504/2 од 01.10.2024 година, заведена во Агенцијата под бр.08-302 на 25.10.2024 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, се одбива како неоснована. Во став 2 од диспозитивот, Се потврдува Решението на имателот на информација бр.03-9504/2 од 01.10.2024 година.

Тужителот пред Управниот суд поднесе тужба за поведување на управен спор против решението на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер број 08-302 од 06.11.2024 година, заведена во Управниот суд под У6.457/2025. Со тужбата тужителот истакна и посебно Барање за

донесување на времена мерка, заведено во Управниот суд под У-6.бр.456/2025. Предлага Судот тужбата да ја уважи, оспореното решение да го поништи и предметот да го врати на повторно постапување и одлучување или Управниот суд мериторно да одлучи и да ја реши конкретната правна работа. По однос на Предлогот за донесување на времена мерка тужителот бара Управниот суд да го одложи извршувањето на функцијата ректор на лицето Иван Бимбилоски при Универзитетот Св.Апостол Павле Охрид избран со одлука, а поради постоење на опасност од настанување на ненадоместлива штета по јавниот интерес.

На ден 16.01.2025 година тужителот до Управниот суд достави и Поднесокот за уредување на тужба и времена мерка од 14.01.2025 година.

Тужениот орган во одговор на тужба се произнесе по тужбените наводи на тужителот, наведе дека тужбата е неоснована, со предлог тужбата да се одбие како неоснована, а оспореното решение да се потврди.

Одговорот на Тужбата даден од страна на тужениот орган, Судот заедно со поканата за јавна расправа го достави на одговор до тужителот.

Постапувајќи по тужбата, Управниот суд закажа и одржа јавна расправа на ден 24.02.2025 година на која тужителот изјави дека во целост останува на тужбеното Барање кое го поднел, дека е незадоволен од првостепеното Решение на МОН под бр.039504/2 од 01.10.2024 година и воедно на Судот ќе ги изнесе усно неговите наводи по однос на Одговорот на тужба како и накратко по однос на Тужбата, по што во прилог доставува писмен реферат.

Претставникот на тужениот орган наведе дека во врска со тужбата на тужениот Агенцијата останува на наводите од решението од 06.11.2024 година и на Одговор на тужба од 27.01.2025 година. Во конктретниот случај првостепениот орган односно МОН му одговорил на барателот и во прилог му ги доставил сите списи во врска со Барањето. Агенцијата не е и не може да биде истражен орган за да води и утврди дали предметниот документ е веродостоен или не.

Во доказна постапка Судот на расправата со читање изврши увид во прилозите доставени кон тужбата и тоа: Прилог фотокопии од следните писмена- маил за препраќање, Жалба поднесена од Ѓ.И. , преку МОН, примен и заведен во Агенцијата под арх. бр. 08-302 од 25.10.2024 година, со долунаведените прилози Жалба, Решение, Барање, Жалба од Барателот заведена во МОН под нивен арх.бр. 03-9504/3 од 21.10.2024 година, Решение на МОН под нивен арх.бр. 03-9504/2 од 01.10.2024 година, Барање за пристап до информации од јавен карактер, со приемен штембил од МОН со дата 16.09.2024 година, Маил од Агенцијата до МОН за доставување Одговор на Жалба, заведен под арх.бр. 08-302 од 28.10.2024 година, Маил за доставување Одговор на Жалба поднесена од Ѓ.И. , од МОН, примен и заведен во Агенцијата под арх.бр. 08-302 од 04.11.2024 година со долунаведените прилози Одговор на жалба, Одлука, Диплома "Master od Laws...", Диплома "Doctor of Jurical Science" Апостил, превод на диплома за доктор на правни науки, Одговор на Жалба заведен во МОН под нивен арх.бр. 03-9504/4 од 30.10.2024 година, Одлука за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство, заведена во МОН под нивен арх.бр. 09-9051/2 од 15.11.2007 година, Диплома "Master of Laws..." од 24.Јуни 1999 година, Apostile од 24.Мај 2007 година, Превод на диплома за Доктор на правни науки, Решение на Агенцијата бр. 08-302 од 06.11.2024 година, Поднесок на тужба за времена мерка од 14.01.2025 година, Барање за пристап до информации од јавен карактер од 16.09.2024 година, Решение од 01.10.2024 година, Жалба од 21.10.2024 година од МОН, Решение од 06.11.2024

година на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, Службен весник на РМ бр 65 од 30.05.2007 година, Записник за извршен редовен инспекциски надзор ИП бр 09-444 од 28.03.2022 година, Решение на Државен просветен инспекторат ИП1 бр 09-444 од 31.03.2022 година, Записник за извршен редовен инспекциски надзор ИП бр 09-444 од 07.04.2022 година, Пресуда на Управен суд УП 1-108/2024 и УП 1 -109/2024 година, Злоупотреба на службена должност, од група Универзиртетски професори и од Виш просветен инспектор во пензија Ѓ.И. до Државен јавен обвинител на РСМ, Основно јавно обвинителство Охрид и Државна комисија за спречување на корупција од 04.06.2024 година.

Во завршни зборови тужителот изјави дека останува во целост кон наводите истакнати во тужбата, наводи дадени на јавната расправа, со предлог Судот да донесе пресуда како што е наведено во петитумот на тужбеното барање, дополнително останува и кон последниот Предлог за издавање на времена мерка исто како што е навдедено во петитумот на тужбеното барање и поднесокот од 16.01.2025 година. Поради овие факти, аргументи и докази од Судот бара да донесе пресуда со која ќе го поништи решението бр. 08-302 од 06.11.2024г. од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, и ќе му наложи на МОН, Секторот за еквиваленција и нострификација / Одделение за еквиваленција и нострификација за високо образование, решението бр. 09-9051/2 од 15.11.2007г. за нострификација на докторска десертација да го стави вон сила, санкционира односно поништи, бидејќи е донесено со фрапантно кршење на Законот за високо образование.

Во завршни зборови претставникот на тужениот орган изјави дека останува во целост нн предходно наведенто, со предлог Судот тужбата и предлогот за времена мерка да ги одбие како неосновани.

Управниот суд постапувајќи по тужбата на тужителот со приложените докази, како и од увидот во списите на предметот и одговорот на тужба доставени од тужениот орган, а имајќи ги предвид и наводите од одржаната јавна расправа, најде дека:

Тужбата е неоснована.

Согласно член 3 став 1 точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.Весник на РСМ“ бр.101/19), Информација од јавен карактер е информација која во било која форма ја создал или со која располага имателот на информацијата, согласно со неговите надлежности.

Согласно член 4 став 1 од истиот Закон, Слободен пристап до информации имаат сите правни и физички лица. Согласно став 2 од истиот член и Закон, Слободен пристап до информации имаат и странски правни и физички лица во согласност со овој и друг закон.

Согласно член 12 став 1 од истиот Закон, Барателот пристапот до информацијата може да го бара усно, писмено или во електронски запис. Согласно став 2 од истиот член и Закон, Барателот е должен во барањето да се произнесе за начинот на натамошната комуникација со имателот на информацијата и тоа усно, во писмена форма или во електронска форма. Согласно став 3, Секој барател врз основа на барање има право на пристап до информација од имателот на информации со кои располага и тоа со увид, препис, фотокопија или електронски запис.

Согласно член 24 став 1 од истиот Закон, Ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето, веднаш му овозможува на барателот запознавање со содржината на бараната информација и тоа со увид, препис, фотокопија или електронски запис. Согласно став 3 од истиот член и Закон, Ако како резултат на добиената информација, произлезе барање за дополнителна информација поврзана со документите кои ги поседува имателот на информацијата, барателот поднесува ново барање, согласно со членовите 15 и 16 од овој закон, заедно со одговорот што веќе го добил. Согласно став 4 од истиот член и Закон, Ако барателот смета дека информацијата со која се запознал не е информација што ја навел во барањето, може да бара од имателот на информации да му се овозможи запознавање со информацијата што ја навел во барањето најдоцна во рок од десет дена по приемот на повторното барање кај имателот на информацијата.

Согласно член 35 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на РСМ" бр.96/2019), Судот одлучува во границите на тужбеното барање, но не е врзан со причините на тужбата.

Од списите на предметот произлегува дека тужителот на ден 16.09.2024 година до Министерството за образование и наука, Сектор за еквиваленција и нострификација/Одделение за еквиваленција и нострификација за високото образование поднело Барање за пристап до информации од јавен карактер од 16.09.2024 година. Тужителот во барањето навел дека за професор д-р Иван Бимбилоски ректор на УИНТ Св. Апостол Павле –Охрид била добиена нострификација со решение бр.09-9051/2 од 15.11.2007 година и дека во МОН е извршено признавање на дипломата за завршени докторски студии и стекнат научен степен - Доктор по правни науки издадено од Централниот Европски Универзитет во Будимпешта, Република Унгарија, и дека е извршено признавање на диплома за докторски студии без доставен доказ за магистер. Навел дека во 2007 година согласно ЗВО задолжително е признавање на претходниот степен на образование доколку е стекнат во странство, односно задолжително е доставување на диплома за магистерски студии, кој што Иван Бимбилоски не ја доставил бидејќи ја немал, за да може да се изврши нострификација на дипломата за завршени докторски студии. Во Барањето бара да му се одговори по кој основ Секторот за еквиваленција и нострификација, Одделение за еквиваленција и нострификација за високо образование при МОН ги нострифицирал докторските студии стекнат научен степен - Доктор по правни науки, која не е испочитувана процедурата магистерски студии. Начин на кој сакал да се запознае со содржината на бараната информација тужителот одбрал фотокопија- друго фотокопија, а за начин на доставување на информацијата тужителот одбрал по пошта, друго-по пошта.

Постапувајќи по Барање за пристап до информации од јавен карактер првостепениот орган Министерот за образование и наука донел решение Бр.03-9504/2 од 01.10.2024 година со кое Барањето за пристап до инфаормации од јавен карактер доставено од барателот Ѓ.И. го прифатил а во образложенитето на решението навел дека одлуката за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство е донесена врз основа на Закон за високо образование („Службен весник на РМ" бр.64/00, 49/03 и 51/07) и Правилникот за начинот и постапката за еквиваленција и признавање на странските високообразовни квалификации („Службен весник на РМ" бр.65/07) врз основа на член 3, 6 и 7.

Незадоволен од ваквото решение останал тужителот кој поднел жалба до тужениот орган Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации

од јавен карактер, која постапувајќи по жалбата ја утврдила фактичката состојба потребна за одлучување по предметот и го донела сега оспореното број 08-302 од 06.11.2024 година.

Управниот суд, имајќи ја предвид ваквата фактичка и правна состојба во конкретниот предмет оцени дека правилно тужениот орган одлучил кога со оспореното решение ја одбил како неоснована жалбата на тужителот изјавена против првостепеното решение бр.03-9504/2 од 01.10.2024 година, наоѓајќи дека првостепениот орган правилно ја решил оваа управна работа, согласно со правилата на постапката, целосно и правилно ја утврдил фактичката состојба, правилно го применил материјалното право и донел правилно и законито решение. За својата одлука тужениот орган дал јасни, аргументирани и непротивречни причини, кои во целост како правилни ги прифаќа и овој суд.

Тужителот во тужбата, на јавната расправа како и во писмениот допис доставен на јавната расправа назначен како усмен и писмен исказ за рочиште наведува дека на проф д-р Иван Бимбиловски, ректор на Универзитетот за информатички науки и технологии "Св. Апостол Павле" во Охрид (УИНТ) со решение бр. 09-9051/2 од 15.11.2007 година донесено од Одделението за еквиваленција и нострификација за високо образование во МОН му е извршено признавање на дипломата за завршени докторски студии и стекнат научен степен Доктор по правни науки, издадено од Централниот Европски Универзитет во Будимпешта, Република Унгарија. Наведува дека неговото прашање се игнорира, не му била дадена никаква информација за нострификација на магистратурата која што е основен услов за да може да се нострифицира докторат, а добива одговор за тоа што не прашува. Наведува дека после 17 година од нострификацијата за завршени докторски студии и после неколку опомени од Државниот просветен инспекторат, после вршењето на функцијата проректор 10 години, а моментално извршува државна јавна функција ректор втор мандат 5 година, конечно Иван Бимбилоски успева да добие некаков си "документ" во кој пишува дека е "МАГИСТЕР" и дека ова е повеќе од апсурдно. Наведува дека согласно ова оспореното решение воопшто не одговара на неговото барање односно не дава никакви информации за тоа дали е испочитувана постапката за нострификација на магистерскиот труд односно дали и како е запазена процедурата согласно законите кои ги цитира и тоа Законот за високо образование („Службен весникна РМ" бр.64/00, 49/03 и 51/07, член 1, 3, 4 и 5) и Правилникот за начинот и постапката за еквиваленција и признавање на странските високообразовни квалификации („Службен весникна РМ" бр.65/07) врз основа на член 3, 5, 6, 7 и 8." странските високообразовни квалификации „Службен весникна РМ" бр.65/07 член 2,3, 5, 6, Лив. Наведува како е возможно Иван Бимбиловски да дипломира на Правен факултет УКИМ на 09.12.2000 година а да магистрира на Централниот Европски Универзитет во Будимпешта, Унгарија во јануари 2001 година. Наведува дека од досега изнесеното јасно произлегува потребата и причината што од негова страна се поведува овој управен спор, бидејќи постои јавен интерес за утврдување на фактите дали лицето Иван Бимбиловски може да ги извршува работните задачи како редовен професор по правни науки односно да биде ректор на Универзитетот за информатички науки и технологии "Св. Апостол Павле" Охрид, втор мандат на јавен универзитет.

Судот ги ценеше ваквите наводи на тужителот но имајќи го во предвид погоренаведеното како и цитираните законски одредби најде дека истите се неосновани и без влијание за поинакво одлучување. Имено Судот укажува дека во конкретниот случај од списите на предметот јасно произлегува дека првостепениот орган постапил во целост по Барањето за пристап до информации од јавен карактер односно му дал одговор на тужителот за тоа што го барал во погорецитираното

Барање и со тоа постапил согласно одредбите Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Исто така а видно од наводите на тужениот орган во Одговорот на тужба како и од исказот на претставникот на тужениот орган на јаваната расправа, а кои наводи тужителот не ги оспори, јасно произлегува и дека на тужителот во прилог му била доставена и дипломата за завршени магистерски студии на Иван Бимбиловски во фотокопија како и сите списи во врска со Барањето. Со оглед на наведеното, Судот најде дека оспореното решение е правилно и законито, а тужбата на тужителот неоснована.

Понатаму тужителот во тужбата, на јавната расправа како и во писмениот допис доставен на јавната расправа назначен како усмен и писмен исказ за рочиште наведува дека решението на првостепениот орган е нејасно, нецелосно, дека не добил одговор за тоа што прашува, дека воопшто не е одговорено на неговото барање односно не дава никакви информации за тоа дали е испочитувана постапката за нострификација на мегистерскиот труд, дека задолжителните информации кои што требало да ги има во првостепеното и оспореното решение од јавен карактер се: решение за нострификација на магистерските студии на Иван Бимбилоски кој што наводно ги стекнал на Централниот Европски Универзитет во Будимпешта, Република Унгарија; дата на поднесување на Барање за признавање на странска високообразовна квалификација; дата на барање за проверка на валидноста на високообразована институција; одлука за формирање на рецензентска комисија за признавање на магистерските студиии; објавен реферат од рецензенската комисија односно најосновните информации се: 1. дали има оргинал дипома, прво магистратура а потоа докторат (со апостил, број на диплома, потпис ректор,..); 2. дали има оргинал теза и превод нотарски заверен (преведени и нотарски заверени); 3.дали има извештај на рецензенската комисија и нивни члeновите; 4. број и дата на решение кое го издал министерот, односно со кое извршил нострификација, хронолошки прво за магистратура па потоа за докторат.

Судот ги ценеше ваквите наводи на тужителот но истите ги одби како неосновани и без влијание за поинакво одлучување. Судот укажува дека тужителот бил должен во Барање за пристап до информации од јавен карактер прецизно да ги наведе одговорите кои сакал да ги добие како и прецизно да ги наведе списите кои сакал да му бидат доставени, но тоа не го сторил. Понатаму Судот укажува дека доколку не бил задоволен од одговорот и доставените списи на првостепениот орган или произегло ново прашање врз основа на добиените информации, тужителот имал право согласно член 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер повторно да поднесе ново Барање за пристап до инфаормации од јавен карактер. Оттука Судот цени дека оспореното решение е јасно и разбирливо и во истото се наведени утврдените факти, правните прописи и причините поради коишто решението е донесено.

Судот ги ценеше и наводите во тужбата, на јавната расправа и во писмениот допис доставен на јавната расправа дека Државниот просветен инспекторат извршил редовен инспекциски надзор, што констатирал Државниот просветен инспекторат за д-р Иван Бимбиловски, дека Државниот просветен инспекторат составил записник и издал опомена на Универзитот за информатички науки и тегнологии Св.Апостол Павле во Охрид, дека Иван Бимбиловски дал лажна изјава дека тој студиите во втор и трет цилус студии ги завршил на Централниот Еврпски Универзитет во Будимпешта, Унгарија, дека во досиeто не е најдено документ (доказ) дека студиите од втор и трет циклус кој ги завршил во Централниот Европски Универзитет во Будимпешта, Република Унгарија, дека се интегрирани согласно записникот од извршениот редовен инспекциски надзор, дека после неколку опомени од ДПИ Иван Бимбиловски успел да добие некаков си документ во кој пишува дека е магистар што е повеќе од

апсурдно, но ваквите наводи ги одби како неосновани и без влијание за поинакво одлучување од причина што овие наводи не се предмет на одлучување во оваа постапка.

Согласно сетопогоре изнесено, Судот цени дека од изведените докази во текот на управната постапка, врз основа на правилно спроведена постапка, со сеопфатна оценка на секој доказ посебно и на сите докази заедно, тужениот орган правилно ја утврдил фактичка состојба и притоа правилно го применил материјалното право и донел правилно и законито решение.

Одлучувајќи по Предлогот на тужителот за донесување на решение за времена мерка, Судот цени дека истиот е беспредметен од причина што Судот со оваа пресуда го одлучи управниот спор, односно тужбата ја одби како неоснована, со што основот за времена мерка отпаднал. Имено, времената мерка во управниот спор има дејство до донесување на одлука на Управниот суд по тужбата за управен спор.

Имајќи предвид дека согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци на постапката, Судот барањето на тужиелот за надомест на трошоците на управната постапка го одби како неосновано.

Со оглед на наведеното а согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови, Судот одлучи како во изреката на пресудата

Пресудено во Управниот суд на ден 03.03.2025 година под У-6.бр.456/2024 и У-6.бр.457/2024.

Записничар - судски референт
Ана Петерсен

Претседател на совет - Судија
м-р Ѓоко Живковски

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од правни лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави на:
-тужителот
-тужениот орган

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник

Претседател на совет - Судија
м-р Ѓоко Живковски